**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-449/**

**З А П И С Н И К**

**Од104-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 16.01.2020 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Ивана Трајковска,м-р Ристе Панов,Илир Рамадани,Косана Николиќ Мазнева, Гајур Рамадани, Анита Латифи и Златко Јанковски.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека .

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Арун Ибраими-Заменик на директорот на МРТ и Дарко Стефановски-Претседател на Надзорен одбор на МРТ.

Седницата започна во 11:15 часот.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет едногласно го усвои Дневниот ред.

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 103-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Усвојување на Одлука за распишување на Конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ.

3. Информација по однос на Извештајот за реформите на менаџментот во МРТ од Проектот на ЕУ за јавните медиумски сервиси во западен Балкан.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на Записникот од 103-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 103-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Претседателката на советот Смилка Ј Саркањац и членот Снежана Клинчарова доставија забелешки по однос на записникот од 103-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 103-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање со забелешките.
Програмскиот совет на МРТ **го усвои** запсиникот од 103-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Усвојување на Одлука за распишување на Конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Ј Саркањац пред присутните членови ги објасни законските прописи односно дека советот како тело треба согласно Статутот на МРТ 60 дена ред истек на мандатот на Надзорниот одбор на МРТ, да распише јавен конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ.Исто така Претседателката појасни дека согласно Статутот на МРТ истиот треба да биде објавен на програмите на МТВ и Веб страната на МРТ, и да трае 15 дена од објавата.
Членот на советот Ристе Панов во продлжение ги објасни законските услови што секој од кандидатите треба да ги исполнува за учество на јавниот конкурс, како и приложи пред рисутните членови еден роковник согласно условите во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на МРТ:

**05.03.2020** - им завршува мандатот на Надзорниот одбор
**16.01.2020 –** Објава на конкурс за избор на нови членови на НО на МРТ
**30.01.2020** - е последниот ден од рокот за пријавување на огласот. Член 39 став 4 јавниот конкурс трае 15 дена од денот на објавувањето... (Ако се објави на 16.01.2020 година).
**од 05.02.2020** - од овој датум па понатаму може да се изврши избор на членови на НО на седница на ПС. Овој датум е утврден со сметање на 3 работни дена од денот на завршување на конкурсот, за да се почекаат евентуално да пристигнат пријави по пошта. Изборот мора да се изврши до 12.02.2020.
**05.02.2020 до 12.02.2020** - при евентуално неизбран број на членови на НО јавниот конкурс се повторува конкурсот во овој период (Член 42 став 4 од Статутот на МРТ).
**Напомена:** Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (член 125 ставови 2 и 3)само упатува на Статутот на МРТ за условите и постапката за избор и разрешување на членови на НО.
**Индирекно поврзани рокови:**
**12.04.2020 -** одржувањена изборите.
**12.02.2020 -** распишување на изборите(Устав 60 дена по распуштање на Собранието, потврдено од Претседателот на Собрание, Талат Џафери).
**Од 12.02.2020 - до 12.04.2020 :**Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на пратеници во Собранието **НЕ МОЖЕ ДА СЕ РАСПИШЕ ОГЛАС ЗА ИЗБОР НА НО ВО МРТ,** односно законски во овој период не може:
- Во Изборниот законик член 8-а се утврдува забрана за започнување на постапка за вработување на нови лица, исплата на пари кои не се претходно утврдени како редовни месечни исплати...
- Во член 34 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси се утврдуваат истите основи за забрана како и во Изборниот законик во член 8-а.
- Во член 33 став 1 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, само за за овој период Државната комисија за спречување на корупцијата е надлежна да ја следи законитоста на користењето, односно располагањето со буџетските средства од денот на распишувањето до завршувањето на изборите.

**Напомена:**
**од 03.01.2020 до 12.04.2020 -** Во Законот за Влада на РМ во кој се дефинира 100 дена пред одржувањето на изборите за пратеници се избира преодна Влада за спроведување на избор на пратеници (член 43). За овој период на техничка влада, во Законот за Влада на РМ не се дефинирани забрани за објавување на огласи или други активности кои се поврзани со објавувањето на конкурс и избор на членови на НО на МРТ.

Во продолжение Алимпие Алулоски од одделението за подршка на Програмскиот совет на МРТ и членот на советот Јагнула Куновска со мислење и забелешка до останатите членови Програмскиот совет на МРТ дали Програмскиот совет како тело е законски обврзан да ги избира членовите на Надзорниот одбор на МРТ бидејќи и самите членови на советот се во еден вид технички избор.
На ова членовите Златко Јанковски,Снежана Клинчарова и Ристе Панов одговорија дека овој состав на Програмскиот совет на МРТ согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до избор на нови членови на советот може да избира и разрешува членови на Надзорен одбор на МРТ, и не смее да ја остави МРТ без еден од клучните органи за фукнционирање на МРТ како што е Надзорниот одбор на МРТ.
Златко Јанковски истакна дека Роковникот кој Ристе Панов го презентираше пред присутните е добро изработен и ќе биде од голема помош при изборот и процедурите за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ,и даде една забелешка по однос на преамбулата на Одлуката за распишување на конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор во делот на каде се цитирани броевите на службени весници со кратенката РСМ, дека место истата освен на последниот број треба да стои РМ а не РСМ.
Забелешката беше прифатена и Одлуката за распишување на Конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ беше ставена на гласање.

Врз основа на член 124 став 1 алинеа 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл. весник на РМ бр.184/13;13/14; 44/14; 101/14; 132/14, 132/17, 168/18,247/18 и 27/19),и член 39 став 1 од Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот совет на МРТ на својата 104-та седница одржана на ден 16.01.2020 год., ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за распишување конкурс за избор на**
**членови на Надзорниот одбор на МРТ**

**I.** Да се распише конкурс за избор на 7 (седум) членови на Надзорниот одбор на МРТ според условите и постапката утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на ЈРП МРТ.

**II.** Членовите на Надзорниот одбор на МРТ се избираат за период од **5** (пет) години со право на уште еден последователен избор.

**III.** Кандидатите кои ќе се пријават треба да ги исполнуваат следниве услови:
- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат високо образование;
- да поседуваат знаење и најмалку 5 (пет) години искуство од областа на финансиското и сметководственото работење.

**IV.** Кандидатите на јавниот конкурс со пријавата треба да достават:
- Уверение за државјанство;
- Диплома за завршено високо образование;
- Кратка биографија;
- Потврда за пет години искуство од областа на финансиското и сметководственото работење.

.

**V.** Кандидатите за членови на Надзорен одбор на МРТ поднесуваат Пријава за конкурсот со соодветните докази за исполнување на бараните услови, во затворен плик со назнака (за учество на конкурсот за Надзорен одбор на МРТ).

**VI.** Конкурсот да се објави на програмите на МРТ и на ВЕБ страната на МРТ.
**VII.** Конкурсот трае 15 дена сметано од денот на објавувањето на програмите на МРТ.

■ **Одлука за распишување на Конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Одлуката за распишување на Конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ **е едногласно усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Информација по однос на Извештајот за реформите на менаџментот во МРТ од Проектот на ЕУ за јавните медиумски сервиси во западен Балкан.**

Пред присутните беше доставен на разгледување текстот од Извештајот за реформите на менаџментот во МРТ од Проектот на ЕУ за јавните медиумски сервиси во западен Балкан.

Членот на советот Анита Латифи со забелешка дека во текстот има грешки во однос на мандатот на членовите на Програмскиот совет на МРТ.

Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац информирше дека на 11/12.02.2020 година во Скопје во организација на МРТ ќе се одржи конеферниција со истите лица што работеа на Извештајот,и дека секој од членовите на Програмскиот совет на МРТ кој има желба да присуствува на Конеферниција да има во план и да ги информира надлежните во МРТ за присуството,додека за местото и точното време на одржување ќе има дополнителни информации.

**ТОЧКА 4: Разно.**

По оваа точка беше договорено наредна седница на Програмскиот совет на МРТ да има на 22.01.2020 г., во 12:00 часот.

Седницата заврши во 12:40 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател